Во клубот на списанието „Форум“ на 20 февруари се одржа промоција на Зборникот на американскиот Б филм, приреден од Љубиша Петрушевски, а во издание на Музејот за современа уметност. Книгата е обид да се презентира феноменот на Б продукцијата во нејзиниот историски развој. Содржи 19 текстови кои од различни агли го објаснуваат овој феномен. Книгата е „дебела“ и богато илустрирана (со над 100 репродукции). Застапени се текстови кои ги согледуваат почетоците на Б продукцијата, причините за големиот ривајвл на Б-филмот, кои нудат пресек на критичката мисла и размислувањата во и за филмот, како и за зголемениот теориски интерес кон рабните културни феномени, појави кои се надвор од репрезентативните културни феномени.

Инаку, Б-продукцијата претставува дел од двојната филмска програма што се појавува во времето на големата економска криза во Америка во 30-тите. Б-филмовите се обично снимани со помал буџет, со помалку познати автори, актери, но токму лимитираноста во можностите за реализација иницирала низа поинакви драматуршки и филмски решенија по кои се разликуваат од филмовите на А продукцијата.




Роберт АЛАЃОЗОВСКИ